Врз основа на член 6 став (1) ал.1 и 4 од Правилникот за начинот на организирање на културна манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани бр.09-2249/1 од 15.12.2017 година донесен од Советот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.13/2017) и чл. 5 ст.1 ал.1 и ал.5 од Одлуката за отпочнување на активности за организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани за 2023 година и за формирање на организационен одбор бр.08-1272/ 1 од 30.06.2023 година и согласно Одлуката за отпочнување и спроведување на постапка за избор на најуспешен земјоделец (производител на ориз на општина Кочани во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз – 2023 година донесена од Градоначалникот на Општина Кочани бр.08-1272/ 8 од 05.09.2022 година, во согласност со Програмата за култура на Општина Кочани за 2023 година бр.09-2442/1 од 26.12.2022 година, Организациониот одбор во соработка со Одделението за јавни дејности на ден 05.09.2023 година објавува јавен

**ОГЛАС**
**за избор на најуспешен земјоделец (производител на ориз) на општина Кочани**

1. Право на учество во постапката за доделување на награда за избор на најуспешен земјоделец на општина Кочани, имаат физички лица на кои :
   - **Имотот се наоѓа во општина Кочани** - се докажува со поднесување на копија од имотен лист , (*овој услов не носи бодови, но е задолжителен услов за пријавениот кандидат и е елиминаторен услов*),
   и
   - **Регистрирани или евидентирани земјоделски производители** во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - се докажува со поднесување на доказ (**решение/потврда за упис на производни капацитети** (во фотокопија или оригинал) **од Единствен регистар на земјоделски стопанства** (ЕРЗС) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Подрачна единица Кочани или со вршење увид во регистарот или со вршење увид во регистарот (*овој услов не носи бодови, но е задолжителен услов за пријавениот кандидат и е елиминаторен услов*).

**1.1. Право на учество во постапката за доделување на награда за избор на најуспешен земјоделец на општина Кочани немаат лицата на кои претходно им била доделена таква награда за најдобар/ најуспешен земјоделец на општина Кочани во последните 7/седум/ години station наназад.**

**2.** Физичките лица на кои имотот се наоѓа во општина Кочани и се регистрирани или евидентирани земјоделски производители во ЕРЗС (Единствен регистар на земјоделски стопанства) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,треба да ги исполнуваат следните задолжителни **критериуми:**

**3.**

| Ред. бр. | Задолжителни критериум | Докази/ документи со кои се докажува, дека подносителот на пријавата ги исполнува утврдените критериуми | Посебни услови и предмет на бодување |
|---|---|---|---|
| 2.1 | Количина на предадена арпа-ориз во килограми, откупени од регистрирани откупувачи во периодот од 30.08.2022 година до 30.08.2023 год. | Се докажува со поднесување на **Потврда** (во копија или оригинал) **издадена од регистриран откупувач на територијата на РМ** која содржи податоци за откупувачот, за лицето кое извршило предавање на земјоделски производи, и податоци за вид и количина на | Овој критериум се бодува со **35 бодови** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | предадената арпа-ориз. | |
| 2.2 | Млад полнолетен земјоделец | Се докажува со поднесување на копија од **лична карта** | Овој критериум се бодува со **20 бодови** |
| 2.3 | Поседување и/или располагање со имот-земјоделско земјиште | Се докажува со **поднесување на доказ (решение/потврда за упис на производни капацитети од Единствен регистар на земјоделски стопанства** (ЕРЗС) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Подрачна единица Кочани - доказот се поднесува во фотокопија или оригинал ( се бодува имотот кој се наоѓа на територијата на Општина Кочани ) | Овој критериум се бодува со **15 бодови** |
| 2.4 | Значајни остварувања и постигнувања во областа на земјоделството во Република Македонија и на меѓународно ниво | Се докажува со доставување на **фотокопија од доделената потврда/ сертификат** | Овој критериум се бодува со **10 бодови од кои за**<br>**1 место-10 бода**<br>**2 место 6 бода**<br>**3 место- 3 бода** |
| 2.5 | Остварени приноси по хектар во периодот од 30.08.2022 година до 30.08.2023 год. | Се пресметува како соодноси на вкупната количина на предадена арпа-ориз во килограми, откупени од регистрирани откупувачи во периодот од 30.08.2022 година до 30.08.2023 год. и имотот кој го поседува или со кој располага подносителот на пријавата на територијата на Општина Кочани ( при што остварениот принос да не надминува 12000 кг по хектар ) | Овој критериум се бодува со **20 бодови** |

2.6. Вкупениот број на бодови за сите критериуми изнесува **100 бода.**

2.7. **За најуспешен земјоделец на општина Кочани ќе се избере оној земјоделец кој освои најмногу бодови до 100 бода или вкупно 100 бода**.

4. Начин на бодување. Бодувањето на доказите кои ги имаат поднесно подносителите на пријавите по објавениот оглас за исполнување на задолжителните критериуми се врши според формула и тоа на следниот начин:

4.1. За критериумот од точка 2.1. **Количина на предадена арпа ориз во кг на годишно ниво на регистрирани откупувачи во периодот од 30.08.2022 година до 30.08.2023 год.,** - количината на предадената арпа-ориз килограми предадени во периодот од 30.08.2022 година до 30.08.2023 година, за секој подносител на пријави, се пресметува по следната формула:

**Вкупен број на бодови** (по подносител на пријава) = $\dfrac{\textbf{Количина на предадена арпа-ориз во кг на годишно ниво од подносител на пријава во периодот од 30.08.2022 год. до 30.08.2023 год.} \cdot \textbf{35 бодови}}{\textbf{Најголема количина на предадена арпа-ориз во кг на годишно ниво во периодот од 30.08.2022 год. до 30.08.2023 год.}}$

**Вкупен број на бодови**
(по подносител на пријава)
=
**Количина на предадена арпа-ориз во кг на годишно ниво од подносител на пријава во периодот од 30.08.2022 год. до 30.08.2023 год.** ▪ **35 бодови**

---

**Најголема количина на предадена арпа-ориз во кг на годишно ниво во периодот од 30.08.2022 год. до 30.08.2023 год.**

*(се зема најголемата количина на предадена арпа-ориз во кг од поднесените прифатливи пријави по објавениот оглас)*
(како константен/непроменлив број)

Пресметувањето на бодовите според оваа формула за секој подносител на пријава се врши на следниот начин: количина на предадената арпа-ориз на подносителот на пријавата (изразена во кг) се множи по 35 бодови, потоа се дели со најголемата количина на предадена арпа-ориз која се зема како податок од поднесените прифатливи пријави по објавениот оглас како константен/непроменлив број. Овој начин на пресметување се применува за секој подносител на пријава.

*4.2.* За критериумот од точка 2.2 Млад полнолетен земјоделец, секој подносител на пријавата добива бодови според својата возрастна граница, а според следната формула:

**Вкупен број на бодови**
(по подносител на пријава)
=
**Најмал број на години**
(се зема бројот на години на најмладиот полнолетен земјоделски производител- подносител на пријава, (како константен/непроменлив број) • **20 бодови**

---

**Број на години на регистриран земјоделски производител- подносител на пријавата**

Пресметувањето на бодовите според оваа формула за секој подносител на пријава се врши на следниот начин: бројот на години на најмладиот регистриран земјоделски производител (земени како податок од сите поднесени пријави во постапката) како константен/непроменлив број се множи по 20 бодови потоа се дели на бројот на години на подносител на пријава. Овој начин на пресметување се применува за секој подносител на пријава.

4.3. За критериумот од точка 2.3. Поседување и/или располагање со имот- земјоделско земјиште, пријавениот имот сопственост или закупен од земјоделецот се пресметува по следната формула:

**Вкупен број на бодови**
(по подносител на пријава)
=
**Утврдена постоечка состојба на имот- број на површина на имот во хектари** • **15 бодови**

---

**Најголемата количина - број на хектари, утврдена по подносител на пријава** (*се зема најголемата површина на имот во Општина Кочани од поднесените прифатливи пријави по објавениот оглас)*
(како константен/непроменлив број)

Пресметувањето на бодовите според оваа формула за секој подносител на пријава се врши на следниот начин: површината на имот се пресметува во хектари, бројот на хектари имот на подносителот на пријавата се множи по 15 бодови, а потоа се дели на утврдената најголема површина на имот на подносител на пријава (земена од како податок од поднесените прифатливи пријави) во конкретната постапка како константен/непроменлив број. Овој начин на пресметување се применува за секој подносител на пријава.

4.4. За критериумот од точка **2.4. Значајни остварувања и постигнувања во областа на земјоделството во Република Македонија и на меѓународно ниво** се доделуваат вкупно **10 бодови** кои се распределуваат на следниот начин:

- за освоено **1 место** од областа на земјоделството се доделуваат **10 бода,**
- за освоено **2 место** од областа на земјоделството се доделуваат **6 бода** и
- за освоено **3 место** од областа на земјоделството се доделуваат **3 бода.**

Подносителот на пријавата исполнувањето на овој критериум го докажува со доставување на фотокопија од доделената потврда/ сертификат за оствареното значајно постигнување во областа на земјоделството.

**4.5.** За критериумот од точка **2.5. Остварени приноси на подносителот на пријавата за 2022 и 2023 година** се доделуваат вкупно **20 бодови** кои се распределуваат според следната формула:

**Вкупен број на бодови** (по подносител на пријава) =

**Остварен принос на подносител на пријава во периодот од 30.08.2022 год. до 30.08.2023 год** • **20 бодови**

---

**Најголем остварен принос во периодот од 30.08.2022 год. до 30.08.2023 год. –од подносителите на пријавите**
*(се зема најголемиот оствсрен принос по хектар кој не надминува 12000 кг /хек )*
(како константен/непроменлив број)
.

Пресметувањето на бодовите според оваа формула се врши на следниот начин: за секој подносител на пријава се добиваат приносите , и тоа кога вкупната количина на предадена арпа-ориз во килограми, откупени од регистрирани откупувачи во периодот од 30.08.2022 година до 30.08.2023 год. се дели со површината на имотот кој го поседува или со кој располага подносителот на пријавата на територијата на Општина Кочани изразен во хектари , , најголемиот принос се зема како константа со која се дели секој поединечен принос на подносител на пријава посебно, овој резултатот се множи со 20 бодови и се добива бројот на бодовите за принос на секој подносител на пријава поединечно

5. **Огласот за избор на најуспешен земјоделец на општина Кочани** е објавен на веб страната на Општина Кочани https://kocani.gov.mk/ и на Огласна табла на Општина Кочани и **трае до 20.9.2023 година до 15:00 часот, сметано од денот на објавување. Секоја пријава која е поднесена подоцна од утврденот рок, ќе се смета за задоцнета и нема да се разгледува.**

6. Наградата за избор на најуспешен земјоделец на општина Кочани е парична и изнесува 60.000,00 денари, истата ја доделува Градоначалникот на Општина Кочани на предлог на организациониот одбор согласно изготвена ранг листа од стручна комисија.

ОПШТИНА КОЧАНИ
Организационен одбор

Изготвил.Голубинка Георгиева

Претседател,
**Дејан Рашков**

Арх.Бр.08-1272/9
Дата:05.09.2023 година
Кочани